# НАЈУБАВОТО ПИСМО



Ова би требало да биде краток опис на трудот. Всушност, јас и немав намера да го пишувам овој дел, но бидејќи тоа се бараше во пропозициите на конкурсот , не ми е тешко да напишам уште неколку реда. Се надевам дека моите нараторски способности се на доволно високо ниво за да можам во кратки црти да Ви доловам што сакав да направам и зошто го направив тоа, па сега Вие да трошите од Вашето скапоцено време и да го читате овој текст. Верувајте, не го правам ова заради паричната награда што ќе ја добијат некои од трудовите, ниту пак за да ме пофали мојот директор, кој и онака нема да сака да разбере што сакам да кажам. Јас мојата награда веќе ја добив. Онаму, меѓу моите ученици кои секогаш прават да се чувствувам вреден и среќен. Па еве, несакајќи да бидам себичен го споделувам тоа чувство и со Вас.

Долго време се обидувам да најдам начин да им помогнам на децата полесно да се справат со проблемите на кои што наидуваат за време на школувањето и учењето. Понекогаш успевам во тоа, понекогаш помалку, а има и такви случаи кога моите обиди биле без очекуваниот успех. Овој обид, за кој сега пишувам, беше еден од оние поуспешните. Мораше да биде. Работев според добро испробан рецепт. Треба добар предизвик за да испровоцирате некого да работи покомплицирани задачи. А самото спомнување на држави како што се Германија и Русија, ќе мора да се согласите, никого не оставаат рамнодушен. Иако се тоа две реномирани држави за кои многу работи се веќе познати, има уште многу нешто да се каже. За да не се повторуваат веќе споменувани податоци, барем не на класичен начин, им оставив на учениците повеќе простор за истражување со надеж дека можеби и јас ќе научам нешто ново од нив. Се водев од онаа, народната, дека повеќе глави размислуваат подобро од една. И така, си седев неколку ноќи до раните утрински часови, размислував и планирав, бидејќи наставникот мора добро да ги обмисли и подготви сите активности кои

Јас како премиер на Германија?!



**Распоред на Канцеларот на Германија**

1. Признај го името Македонија
2. Гласај на состаноците за неа, за да влезе во ЕУ и НАТО
3. Инвестирај и направи германски банки во неа
4. Помогни во градежништвото
5. Тргувај со неа
6. Покажи им на Германците дека таа е добра држава со многу национални богатства
7. Помогни и во другите стопански гранки
8. Упати ја нејзината политика кон прав пат
9. Што можеш повеќе доближи се до Македонија
10. Гласај за неа на Евросонг
11. Откако ќе и помогнеш со наведените работи, испиј едно кафе со претседателот на Македонија(направи пријателство со него)
12. Упатувај го претседателот да ја води државата на вистинскиот пат
13. Помогни им на сиромашните и хендикепираните (биди хуман)
14. Предложи му на претседателот на Р.М. да воведе закон за подобра заштита на природата и животните
15. Додека внимаваш на Македонија, внимавај да не ја разочараш Германија(можеби ќе се бунат и ќе сакаат да те сменат)
16. Покажи им на Мекедонците дека германскиот народ не е лош и дека е пријателски настроен
17. Зближи ги народите и направи ги браќа
18. Откако ќе се зботати Македонија ќе се збогати и Германија( ти ги имаш природните богатства на Р.М. а нивната цена ќе расте)
19. Сега инвестирај во Германија за да не ја загубиш власта
20. Пробај да ги испочитуваш горенаведените ПРАВИЛА

Љубомир Синадиновски VII-4одд.

следуваат. Есејските прашања мора пред сé да бидат добро формулирани за да ги дадат резултатите што сме ги очекувале. Бидејќи веќе имав една студија на случај за есејски прашања, решив малку да го променам експериментот. Првите два есеи ќе бидат посветени на Германија, а вторите на Русија. Разликата ќе биде во тоа што во вториот случај учениците однапред ќе ги знаат критериумите според кои ќе бидат оценувани т.е. ќе ги имаат на увид листите за оценување. Целта ми беше да проверам дали учениците кога добиваат информација како ќе бидат оценувани, покажуваат подобри резултати отколку кога не добиле таква информација.

Бидејќи со моите ученици размислуваме на ,,иста фреквенција,, не беа многу изненадени кога им кажав дека ќе работиме на поинаков начин од вообичаеното. Веќе работеа проект, па изведбени активности, усна презентација, па ете, дојде ред и за есеи. Тие веќе имаа основни знаења и за оваа форма на изразување. Не е ни чудно, па нели мои ученици се и мора да ги бидува за сé. Не, не сум нескромен. Навистина се такви, или барем јас така ги доживувам. Со задоволство го прифатија предизвикот. Имаше и такви што наместо есејски прашања одбраа да прават класично тестирање, но за нив во друга прилика. Откако им ги дадов насловите и основните упатства, им дадов време од една недела за работа. Навистина и самиот бев љубопитен што сé ќе изнапишат моите млади истражувачи. Седумте дена поминаа, есеите беа во моите раце, а јас итав кон дома за што побргу да ги прегледам и да дознаам дали сум на вистинскиот пат. Не ми требаше многу време за да сфатам дека сум ја направил вистинската работа. Имаше голема шареноликост во оценките, од единици до петки. Но, така требаше и да биде. Ним всушност и не им беше сосема јасно што треба да направат. Колку ли е тешко да се биде ученик на наставници кои немаат доволно чувства за грижите на учениците? Го знаев тоа од порано, но морав да проверам.

Наредниот час, за да не ги разочарам, не им ги соопштив веднаш резултатите туку првин им објаснив на кој начин ги оценував, кои им се добрите страни а што е она што можеле да го направат поинаку (ако повеќе сакате, им дадов усна повратна информација).



Тогаш многу работи им станаа појасни, па неколкуте послаби оцени не ги сфатија како неуспех. Напротив, вистинска еуфорија настана кога им ги поделив листите со критериуми за оценување на новите два есеи, овојпат за Русија. Беа ,,наострени,, како војниците во Спарта, па можеа да се слушнат коментари од типот: ,,Сега ќе напишам 10страни‘‘, ,, Мора да добијам петка‘‘и слично. Дури не сакаа да прифатат рок од една недела, туку се договоривме есеите да бидат готови за наредниот час т.е. за два дена. Ми беше повеќе од јасно дека ја направив вистинската работа и дека резултатите ќе бидат брилијантни.



Насмеаните и ведри лица што ме пречекаа наредниот час, беа уште една потврда за моите предвидувања. Бидејќи веќе ги имаа листите за бодување, им дадов за задача да си ги разменат меѓусебно есеите и да ги оценат. На тој начин направив да се чувствуваат повредни и да ја зголемам самодовербата кај нив. Сериозно ú пријдоа и на оваа задача и ја завршија до средината на часот. Потоа ги зедов есеите и помалку воздржано им ги соопштив резултатите. Им дадов само краток коментар со искрени пофалби за нивното залагање.Не смеев јавно да го изразам своето задоволство бидејќи работата сеуште не беше целосно завршена. Но, формуларите за самооценување на работата беа вистинска релаксација после напорната задача што ја имаа во иминатите десетина дена. Читајќи неколку од нивните коментари имавме само уште толку време да се согласиме дека учениците можат повеќе од она што вообичаено се бара од нив. Треба само добра организација и однос на наставникот што ќе ги стимулира за извршување на посложени задачи.



На крајот, пред да се разделиме им соопштив дека ова што го направија нема да остане незабележано и дека благодарение на нивните активности ќе конкурирам за најдобар пример за ,,несекојдневен,, час. Оставајќи ги задоволни поитав кон дома за да го исполнам ветувањето. Се надевам дека ќе бидам уште погорд кога ќе треба да им ги соопштам резултатите.

Ви благодарам што ми овозможивте да ги направам среќни моите ученици!

Со почит, Сашко Стефановски

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

- Најголем дел од учениците немаа поранешно искуство во пишувањето на есеи;
- Учениците имаат повеќе успех во изработката на есеи од затворен тип т.е. со ограничен одговор;
- Во желбата да остават добар впечаток, учениците користеле многу повеќе информации од потребните. При барањето на повратна информација зошто го прават тоа, голем дел одговориле ,,за секој случај,,.Тоа е доказ за зголемена одговорност кај нив и присуство на т.н.позитивна трема;
- Преку есејските прашања подобро ги запознаваме квалитетите на некои ученици кои претходно биле ,,во сенка,, т.е. потешко се изразуваат усно, па им треба повеќе време да се концентрираат и да го искажат своето знаење;
- Многу од учениците се горди на коментарот добиен од наставникот и следната задача ќе ја работат со зголемана самодоверба.
- Учениците мораат да бидат запознаени со целите на есејските прашања на јасен и недвосмислен начин;
- Основните упатства по можност да се даваат и во пишана форма;
- Да се води сметка дали учениците имаат искуство во пишувањето на есеи. Ако за прв пат се среќаваат со оваа форма на пишување, да им се даваат поедноставни прашања, а упатствата и целите да им се објаснат потемелно;
- Повратната информација од наставникот треба да биде со позитивна конотација и мотивирачки да влијае на ученикот;
- Сите ученици покажаа подобар успех во пишувањето кога однапред знаеја како ќе бидат оценувани т.е. ги имаа листите за бодување;
- Освен формуларот за самовреднување со учениците да се води и дискусија, како би се дошло до по релевантни податоци за нивниот однос кон целиот експеримент;
- Да се запознаат останатите наставници со спроведувањето на експериментот и да се замолат за соработка и разбирање.

